Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Арх.

ИП1 15-282
Дата:27.09.2023
Скопје,


Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E a.petrovska@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk


Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши Редовен инспекциски надзор во ДСПТ Живинарска фарма ЕКО ФАРМ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. 4, бр. 62, с. Шишево, општина Сарај, застапувано од Ќемал Асани –управител и со Записник бр. ИП1 15-282 од 26.09.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 и 206 од Закон за животна средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 53/2005.....65/2018), член 33 став 1 и 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) донесе:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** ДСПТ Живинарска фарма ЕКО ФАРМ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. 4, бр. 62, с. Шишево, општина Сарај, застапувано од Ќемал Асани –управител **по приемот на оваа решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. 15-282 од 26.09.2023 година и тоа**:

1. Да изврши мерења на Емисиите што се испуштаат во воздухот од емисионите точки согласно дозволата на параметрите наведени во А-интегрираната дозволата, за првото полугодие 2023 година, од страна на акредитирана лабораторија.;
   Рок:15(петнаесет)дена;
2. По извршување на мерењата резултатите да се достават до Државен инспекторат за животната средина;
   Рок:15(петнаесет)дена по извршување на мерењата.
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1,2 и 3 на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка ,а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 26.09.2023 година изврши Редовен инспекциски надзор во ДСПТ Живинарска фарма ЕКО ФАРМ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. 4, бр. 62, с. Шишево, општина Сарај, при што се изготви Записник за извршен инспекциски надзор со бр. ИП1 15-282.
Од увидот се констатираше дека: Правниот субјект ја врши дејноста: Одгледување на кокошки за која поседува А-интегрирана еколошка дозвола издадена од МЖСПП

ДСПТ Живинарска фарма ЕКО ФАРМ ДООЕЛ Скопје, ја исполнила делумно обврската за извршување на мерења на емисии на штетни материи што се испуштат во амбитнталниот воздух од стационарни извори. Мерената се извршени на само еден параметар вкупен амоњак во гасовити пареи и соединенија и аеросоли, резултатите од извршените мерења ги Задоволуваат граничните вредности на емисии, односно нема надминување на граничните вредносит согласно дозволата

Поради пропуст од страна на ваработените при поднесување на барањето за вршење на мерења истите не се извршени согласно условите во дозволата, односно испуштени се мерењата на вкупната прашина и чаден број.
Од погоре наведеното се донесе: Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М.
бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,51/2011,123/12,..129/15,39/16, 99/18 и 89/2022).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение согласно член 84 од Зконот за инспекциски надзор може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во обласга на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.
Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.
Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр. ИП1 15-282 на ден 27.09.2023 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ДСПТ Живинарска фарма ЕКО ФАРМ ДООЕЛ Скопје
Општина Сарај,

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E a.petrovska@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk